РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETEROR PËR PARANADALIM TË KORRUPSIONIT
Бр.-Nr. 09-631/14
21-05-2020 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Северна Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 30 - та седница прво продолжение одржана на ден 18.05.2020 година донесе

**Одлука**

По утврдена повреда на член 63 став 1 и член 67 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (ЗСКСИ) од страна на лицето Марија Бошковска Јанковски, директор на Централниот регистар на Република Северна Македонија и доставената Иницијатива за поведување постапка за утврдување на одговорност до Управниот одбор на Централниот регистар на Република Северна Македонија, кој не утврди повреда на одредбите од ЗСКСИ од страна на именуваното лице, ДКСК го запира постапувањето, бидејќи нема законски основ за преземање мерки и активности за натамошно постапување по предметот.

Предметот со број 09-631/1 од 20.02.2019 година, да се затвори и да се архивира.

Образложение

Државната комисија постапуваше по предмет за постоење на сериозни индиции дека лицето Марија Бошковска Јанковска, директор на Централниот регистар на Република Северна Македонија има влијание во постапка за вработување на блиско лице на одреден функционер.

Во насока на утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, Државната комисија се обрати до Централниот регистар на Република Северна Македонија за достава на документацијата која се однесува на постапката за вработување на лицето Фанче Костадинова, блиско лице (мајка) на пратеникот Костадин Костадинов.

По разгледување на доставената документација од страна на Централниот регистар на Република Северна Македонија за вработувањето на лицето Фанче Костадинова, Државната комисија констатира дека од страна на Централниот Регистар е објавен јавен оглас за вработување бр.04-1803/4 на 09.10.2018 година и корегиран на 10.10.2019 година, врз основа на одлуката бр.04-1803/1 од 03.10.2019 година за потреба од вработување на определено време за 20 извршители распоредени во 15 работни места.

Формирана е Комисија за спроведување на огласот посебно за секое работно место, по што во извештајот од комисијата констатирала дека за работното место "Референт за регистрација во Регионална регистрациона канцеларија- Струмица " се пријавиле 25 кандидати од кои 13 уредни и 12 неуредни. Во табеларниот предглед за административна селекција изготвен од комисијата во забелешката е наведено дека причината за

неуреденост при пријавување на огласот е "нема наведено работно место" за кое конкурира.

Бидејќи само двајца кандидати навеле работно место, а еден од нив е Фанче Костадинова, произлегува дека за ова работно место 23 кандидати се неуредни, а 2 се уредни, што не се совпаѓа со извештајот на комисијата.

Не е составен Записник за спроведена административна селекција со опис на доставени документи на пријавени кандидати за споредба, не е спроведено интервју и не е составена ранг листа со бодирање на кандидати.

При повторно барање од ДКСК да се достави интерна процедура или друг акт со опис на начинот на административна селекција, спроведување на интервју и рангирање на кандидатите пријавени на јавен оглас објавен за пополнување на работни места на определено време, од Централен регистар е доставен Колективниот договор каде се опишани постапките за спроведување на јавен оглас и унапредување преку административна селекција, интервју и рангирање, но така не е спроведента постапката во овој случај.

Во овој случај се повикуваат на Законот за работните односи кој иако изричито не предвидува одредена постапка при вработување за секоја област, во член 6 и 7 забранува секаква директна или индиректна дискриминација, што подразбира дека е обврска на работодавачот да донесува интерна постапка за спроведување на фер и транспарентна постапка за вработување.

Бидејќи се работи за вработување во јавен сектор без оглед дека во овој случај е пополнување на работни места на определено време, неспроведувањето на соодветна постапка со јасна административна селекција, спроведување на интервју и рангирање на пријавените кандидати на оглас преку бодирање, е прекшување на начелото на еднаквост и злоупотреба на дискреционото право од страна на службените лица.

Од страна на Централниот Регистар по сопствена иницијатива е доставена информација дека по барање на Фанче Костадинова од лични причини е донесено решение бр.04-416/2 на 07.03.2019 година за откажување на Договорот за вработување склучен на ден 31.10.2018 година.

Државната комисија констатираше дека од страна на Марија Бошковска Јанковска, директор на Централниот регистар на Република Северна Македонија е повреден член 63 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, односно во вршењето на нејзините дискрециони овластувања не ја донела одлуката совесно, водејќи сметка за сите факти и околности во конкретен случај.

При ваква фактичка состојба, Државната комисија констатираше дека лицето Марија Бошковска Јанковска, директор на Централниот регистар на Република Северна Македонија постапило спротивно и на член 67 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Поради наведените причини, Државната комисија до Управниот одбор на Централниот регистар на Република Северна Македонија, достави Иницијатива за

поведување на постапка за утврдување на одговорност за службеното лице Марија Бошковска Јанковска, директор на Централниот регистар на Република Северна Македонија.

По однос на поднесената Иницијатива, Управниот одбор на Централниот регистар на Република Северна Македонија ја извести ДКСК дека на седницата одржана на ден 17.07.2019 година донесе Одлука за утврдување на одговорност на службеното лице Марија Бошковска Јанковска, директор на Централниот регистар на Република Северна Македонија, со која се утврдува дека истата постапила согласно одредбите од Законот за работни односи, Колективен договор бр. 01-866/1 од 01.06.2018 година и Правилникот за систематизација. Според Управниот одбор, службеното лице Марија Бошковска Јанковска, директор на Централниот регистар на Република Северна Македонија, во постапката за вработување во врска со спроведениот Јавен оглас има право на слободно одлучување со кој кандидат кој ги исполнува условите за вршење на работа ќе склучи договор за работа.

На седницата одржана на ден 18.05.2020 година, по разгледување на сите предметни наводи, Државната комисија констатира дека по доставената Иницијатива за поведување постапка за утврдување на одговорност на службеното лице Марија Бошковска Јанковска, директор на Централниот регистар на Република Северна Македонија, Државната комисија нема законски основ за понатамошно превземање на мерки и активности согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Согласно погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок на ДКСК,
Изработил: Кате Здравкоска, советник
Одобрил: Нури Бајрами, член на ДКСК